# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 1 година XXXIV



Март 2021 г.

*СОДРЖИНА*

2 страна - **Програмски активности на РПЦЛИП - ПОРАКА во 2021 година**

3, 4 и 5 страна - **Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите сервиси за време на пандемијата со КОВИД-19**

5 и 6 страна - **Преземен текст од апла.мк**

7 страна - **Лесно читливи информации за вакцинацијата за КОВИД-19**

8, 9 и 10 страна - **Европска стратегија за правата на лица со попреченост**

10 и 11 страна - **Лесно читлива верзија на Европската стратегија за правата на лица со попреченост**

12 страна - **Сервисните служби за поддршка во новата Европска стратегија за попреченост**

13 страна - **Инклузивно образование: ЕАСПД повикува на пофлексибилни и конкретни акции во училиштата**

14 страна - **Десетгодишнина од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во ЕУ и 10 причини зошто сè уште ни е потребна Конвенцијата**

15 страна - **Експертите на ОН апелираат до Европскиот суд за човекови права да ја преиспита забраната за гласање**

16 страна - **Наша страница Кампања ИСТО ИСТИ**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Март 2021 г. Број 1, год. XXXIV**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Дата Понс, Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Според Министерството за култура, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

# Програмски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА во 2021 година

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во 2021 година ќе продолжи со реализација на активностите кои произлегуваат од поставените цели и принципи на делување.

**Пандемијата со КОВИД-19 во 2020 година предизвика промена на стратешките приоритети и на начините на организирање и реализирање на програмските активности на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА (РЦПЛИП – ПОРАКА). Со оглед на неизвесноста и неможноста да се предвиди развојот на ситуацијата поврзана со КОВИД-19 во 2021 година, РЦПЛИП – ПОРАКА својата програма ја прилагоди согласно условите и состојбите, водејќи сметка првенствено за здравјето и безбедноста на своите членови и корисници, нивните семејства, персонал, соработници и пошироката заедница.**

Една од основните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА е **одржување, развивање и унапредување на работата во социјалните сервисни служби во местото на живеење.** Во текот на 2020 година, во услови на пандемија со КОВИД-19, основен приоритет на РЦПЛИП – ПОРАКА беше обезбедување одржливост на мрежата на сервисни служби за поддршка на лица со интелектуална попреченост, како и а**даптирање на нивната програма и воведување на онлајн активности за психосоцијална поддршка и прилагодени индивидуални едукативни активности** со корисниците кои се спроведуваат заедно со нивните семејства во домашни услови, а со цел да одговори на нивните потреби. Стекнатото искуство од спроведувањето на онлајн програмата за поддршка на корисниците и нивните семејства се надградува во 2021 година. Дополнително, доколку се создадат услови во 2021 година РЦПЛИП – ПОРАКА ќе делува во насока на **развој на нови сервисни служби**.

**Унапредувањето на законските можности за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост е редовна и континуирана активност на РЦПЛИП – ПОРАКА**. Во 2021 година особено внимание ќе се посвети на процесот на **имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост,** како исклучително значаен документ кој има правно-обврзувачки карактер за државите кои го ратификувале. Истовремено, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да го користи извештајот како инструмент за лобирање пред институциите кои се одговорни за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост.

Во текот на 2021 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да имплементира активности поврзани со **подигнување на јавната свест во однос на потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства**. Овие активности претставуваат програмско продолжение на досегашните кампањи, а ќе бидат насочени кон истакнување на потребата од ефективно имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и **промовирање на правото на достоинствен живот во заедницата за лицата со интелектуална попреченост преку соодветни сервисни служби.** Согласно Конвенцијата, а **во услови на пандемија со КОВИД-19, приоритет е да се осигура дека, правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост се земени во предвид при планирање на мерките за заштита и превенција од КОВИД-19**. Исто така, потребно е да се обезбеди дека, лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства се вклучени во мерките на државата за ублажување на последиците од кризата со пандемијата.

Заради поефективно остварување на програмските задачи на локалните организации, дел од редовните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА се и **координација и стручно-методолошка поддршка на локалните организации**. Во 2021 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи и со **соработката воспоставена на меѓународно ниво со ЕАСПД и други асоцијации и ќе учествува во заеднички иницијативи**, активности и проекти кои произлегуваат од членството во овие организации. Исто така, **издавачката и информативната дејност,** која е редовна активност на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да се спроведува во 2021 година.

Програмата за работа на РЦПЛИП- ПОРАКА за 2021 година е отворена и може да се надополнува во текот на нејзината имплементација.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА и неговите сервисни служби во услови на пандемијата со КОВИД-19

Во текот на 2021 година, во услови на пандемија со КОВИД-19, главен приоритет на РЦПЛИП – ПОРАКА е обезбедување на поддршка на корисниците на дневните центри за лица со интелектуална попреченост и нивните семејства, односно продолжување со реализација на адаптирани програмски активности на дневните центри.

РЦПЛИП – ПОРАКА ги спроведува сите неопходни подготовки за работа со физичко присуство на корисниците во дневните центри за лица со интелектуална попреченост: извршена е дезинфекција на просториите и опремата, набавена е пропишаната заштитна опрема, направен е распоред за работа со корисниците во групи и доследно се следат протоколите за работа во дневни центри за деца/лица со попреченост.

Со оглед на тоа што дел од семејствата на корисниците во дневните центри, а земајќи ја предвид епидемиолошката состојба и ризиците за здравјето на нивните деца, не се согласија да бидат опфатени во директна работа со физичко присуство, дневните центри продолжија со овие корисници да спроведуваат прилагодени индивидуални едукативни активности во домашни услови со употреба на телефонска, интернет и видео комуникација.

Адаптираната програма за психосоцијална поддршка и прилагодени индивидуални едукативни програми е унифицирана и се спроведува во сите дневни центри во мрежата на РЦПЛИП – ПОРАКА. Во рамките на реализирање на индивидуалните едукативни активности, продолжи секојдневната комуникација со корисниците и нивните родители. Притоа, приоритет и во изминатиов период беше да се ангажираат корисниците, односно да им се дадат насоки и задачи за реализација на активности со кои се одржуваат вештините и можностите на одредено ниво. Во рамките на психосоцијалната поддршка приоритетот е насочен кон поддршка, совети, смирување, вразумување, охрабрување за полесно разбирање, прифаќање и справување со состојбата во која се наоѓаме. Притоа се користат начини на комуникација кои одговараат на корисниците и нивните родители/старатели, вклучувајќи телефонски разговори и видео комуникација доколку корисникот/родителот/старателот користи некои од достапните апликации (Вибер, ФБ месинџер, Зум или друга апликација). Особено внимание се посветува на



корисниците кои се посамостојни, кои се истовремено во поголем ризик за несоодветно однесување, односно на непочитување на официјалните препораки и ограничувања.

### Активности на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип редовно се реализираа и во изминатиот период, во согласност со протоколите за работа за време на пандемија со КОВИД-19. Корисниците активно и успешно се справуваа и со активностите што соодветствуваа на значајните денови и датуми во изминатиот период. По повод бадниковата вечер, корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип подготвија бадниково лепче, при што ги покажаа своите креативни способности и вештини.

Месецот февруари, пак, беше одбележан во знакот на љубовта и виното. Се реализираа работилници на кои корисниците креираа низа декорации и предмети на овие теми. При крајот на февруари започнаа и подготовките за 1-ви март (баба Марта). Месец март, корисниците го пречекаа со радост, меѓусебно си разменија персонализирани мартинки што самите ги изработуваа со волница и монистра. Се реализираа и неколку работилници по повод 8 Март, на кои корисниците креираа и твореа за да изработат подароци за нивните родители.





# Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Активности на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Активностите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп во изминатиот период редовно се реализираат согласно протоколите за работа на дневни центри. Покрај редовно предвидените програмски активности, во рамките на дневниот центар се вклучуваат и нови работно-окупациони активности со корисниците. Се реализираа неколку работилници за изработка на рамки за слики од дрво, притоа опфаќајќи го целиот процес на обработка како сечење со пила, стружење, боење, лакирање на дрвото. Со целото свое внимание и посветеност корисниците беа вклучени во активностите, а задоволството од вложениот труд и крајните производи беше големо.

За време на топлите денови, голем дел од времето се поминува на отворено во дворот на општината. Комуникацијата со оние корисници кои не го посетуваат дневниот центар, согласно моменталната состојба и




понатаму се реализира онлајн, давајќи психолошка поддршка на корисниците и родители. Корисниците со радост го чекаат времето за повик, да се видат со нивните другари од центарот и да поразговараат за она што им се случува и како го поминуваат денот. Во изминатиов период, согласно предвидените протоколи, еднаш неделно во дневниот центар доаѓа зумба тренер. Позитивната атмосфера, насмеаните лица на корисниците се особено изразени. Секоја среда со нетрпение го очекуваат нејзиното доаѓање. Во рамките на програмските активности, особено во делот предвиден за спортски активности, самите корисници често изразуваат желба да играат зумба. Има корисници кои изразија желба да се запишат на часови за зумба, пронаоѓајќи се и вклопувајќи се брзо и лесно во учење на чекорите.

По повод 8 Март, во дневниот центар се реализираше работилница за изработка на украси кои потоа се подарија на родителите. Се користеше волница, конци, пластични шишиња за изработка на истите, а се направија и цветови од салфетки и честитки изработени од шпатули.



## Активности на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш продолжија непрекинато и редовно да се реализираат согласно предвидените програмски активности. Во услови на пандемија со КОВИД-19, дневниот центар работи со почитување на сите мерки и протоколи за заштита и превенција на ширењето на корона вирусот. Корисниците имаа можност да ги изразат своите креативни способности во неколкуте работилници што се реализираа, а по повод празниците што се одбележуваа во овој изминат период.

На 10.2.2021 година, во посета на дневниот центар беше заменик-генералниот директор на рудникот Бучим, Николајчо Николов, заедно со неговата сопруга. Повод за посетата беше традиционалното прославување на неговиот роденден со заедно корисниците на дневниот центар. Овој пат, прославата беше по однапред утврден протокол следејќи ги мерките за заштита од КОВИД-19. Секој од корисниците доби подарок, односно 1000 денари, кои ќе ги искористат лично за себе, а како знак за благодарност, пак, корисниците му подарија рачно изработена уметничка слика и слики со мозаици од камчиња.



## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

### Активности на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица




Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица, во услови на пандемија со КОВИД-19 продолжи со реализирање на активностите планирани со Годишната програма, придржувајќи се кон Протоколот и препораките за работа со лицата со попреченост- носење маски, држење растојание, дезинфицирање и одржување на хигиена на просториите.

Под тие услови се одржа и традиционалното кршење на бадниковото лепче со паричка. Се реализираа едукативни и креативни работилници во кои корисниците изработуваа рачни изработки, сувенири и подароци со кои ги одбележавме празниците Св.Валентин и Св. Трифун, како и Меѓународниот ден на жената 8 Март. Иако и оваа година не се одржа Струмичкиот карневал, сепак корисниците преку креативни работилници изработуваа карневалски маски кои си ги декорираа по сопствен избор.

По повод 21 март, Светскиот ден на Даунов Синдром, во соработка со стручната служба и учениците од ООУ „Видое Подгорец“ се реализираше едукативно - креативна работилница, а воедно се испрати и порака за поддршка на овие лица: „Детелина со четири листа за вера, надеж, љубов и добро здравје”.

Во тек е завршната фаза од реализирањето на проектот „Транспарентна ПОРАКА” чија цел е преку соодветните алатки и инфографици да се информира јавноста за програмските и креативните активности и работилници на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица. Корисниците завршија со рачната подготовка на инфографиците преку кои во лесно читлива и разбирлива форма се пренесоа пораките за оддржување на личната хигиена и грижата за здравјето во услови на сегашнава пандемија и заштита од Корона вирусот, за хигиената во домот, како и надвор од него, и грижата за животната средина во која живееме и работиме.

Инфографиците и пobликуваната брошура се веќе готови и отпечатени, а воедно веќе фунционира и новата официјална веб страна: www.porakastrumica.mk на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица. Веб страната е достапна за сите лица со попреченост каде ќе можат на лесен и едноставен начин да се читаат веб содржините, правата на лицата со попреченост од областа на социјалната заштита, како и сите новости, настани и активности на локално ниво.

## Преземен текст од апла.мк, 19.3.2021

# Силни пораки за еднаквост одекнаа од ООУ „Тодор Ангелевски“ - Битола за Светскиот ден на Даунов синдром

Пораки за солидарност, недискриминација и почит кон лицата со попреченост денес беа прикачени на дрвцето што во дворот на Основното училиште „Тодор Ангелевски“ во Битола го засадија Јулијана Трајчевска, претседател на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Битола, градоначалничката Наташа Петровска и директорката на училиштето Љубица Стерјева. Поводот беше одбележување на 21 март –Светскиот ден на Даунов синдром. Во дворот на училиштето со почитување на протоколите за заштита од КОВИД-19 беше организирана манифестација под менторство на наставничката Весна Гагаловска во која децата пееја, цртаа и пишуваа пораки за почитување на различностите. Ова беше само една од активностите што ќе следуваат во рамки на проектот „Свет за сите –зашто љубовта не познава пречки“ на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, а финансиски поддржан од Општина Битола.



## Преземен текст од апла.мк 19.3.2021

„Го одбележуваме 21 март – Светскиот ден на Даунов синдром за да изразиме поддршка до сите семејства, сакајќи да покажеме што е љубов и дека таа не подразбира пречки. Го најавувам проектот на нашето здружение со финансиска поддршка на Општина Битола, активностите ќе траат цела година. Концептот е да се направи краен производ сликовница-боенка за лица со попреченост. Целта е подигање на јавната свест почнувајќи од најмладата популација, па затоа ќе бидат вклучени деца со попреченост, нивни творби, деца од повеќе училишта во Битола. Сликовница-боенка зашто сакаме да ги срушиме бариерите, да ги намалиме предрасудите. Со мали чекори можеме да дојдеме до големи постигнувања“, рече Трајчевска.





Таа додаде дека лицата со Даунов синдром за разлика од порано, последните години се многу повеќе прифатени од средината. „Знаеме дека ако тие имаат поголема поддршка од семејствата, поголема здравствена грижа од заедницата, пријателите, можат да постигнат многу во секој сегмент од животот, можат да спортуваат, да пишуваат, да работат, да оформат семејство, да имаат и деца“, рече Трајчевска.

„Како училиште кое се бори за правата и желбите на децата, имаме должност да го заштитиме секое дете. Децата со Даунов синдром треба да ги негуваме, заштитиме, за да можат да се изборат за остварување на својата цел, а таа е да се слушне нивниот глас и нивното гласно и достоинствено право! Потребно е нивните гледишта да бидат слушнати и земени предвид, како и да се создадат услови за нивно учество во заедницата и придонес во изградба на општество во кое е обезбедено подеднакво уживање на човековите слободи и права, еднаков третман на различностите, со почитување и уважување на човековото достоинство. Унапредување, заштита и обезбедување, лицата со попреченост целосно и еднакво да ги уживаат човековите права и основните слободи, како и да го промовираат почитувањето на нивното достоинство, кое впрочем е и основна цел на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, ратификувана од страна на нашата држава на 5 декември 2011 година“, рече Љубица Стерјева, директорка на ООУ „Тодор Ангелевски“ од Битола.

Градоначалничката Наташа Петровска рече дека кога децата ќе ги вклучите од најрани години да размислуваат дека сите сме еднакви и сите имаме еднакави права навистина ќе изградиме вредности со кои ќе направиме да имаме позитивни поместувања во нашето општество и во човештвото воопшто.

„Со вакви настани покажуваме сите заедно дека сме еднакви, исти и дека само така можеме да градиме општество во кое љубовта ќе покаже дека има бескрајност. Општина Битола кога ја составуваше програмата за социјална заштита во рамките на собирањето на идеите ги зеде во предвид сите предлози кои ги имаа невладините организации, здруженијата и овој настан денес е резултат на потребите кои беа согледани тогаш и затоа имплементацијата и поддршката е видлива без никакви пречки“, рече Петровска.

На настанот имаше разни изработки од лица со попречености, како и други битолчани кои се борат со одредени болести, но и понатаму творат. Децата ја пееја песната „Сите сме исти“, на балоните испишаа пораки дека ги сакаат другарчињата со Даунов синдром, а нацртаа и како заедно играат. На градоначалничката Петровска ѝ беше подарена изработка од неуморната и талентирана битолчанка Анета Бошевска.



## Активности на ЕАСПД и Европската инклузија

# Лесно читливи информации за вакцинацијата за КОВИД-19 на 15 јазици, вклучувајќи и на македонски јазик

**На 27-ми јануари 2021 година, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) и Европската инклузија презентираа лесно читливи и бесплатни информации за вакцинацијата за КОВИД-19 на 15 јазици. Оваа активност беше по вебинарот на ЕАСПД за „Вакцинацијата за КОВИД-19: Која е улогата на сервисните служби за поддршка“ што ја истакна клучната улога која ја имаат сервисните служби поврзано со вакцинацијата на персоналот во социјалните сервисни служби и на многу лица со попреченост, особено оние со интелектуална попреченост. Клучните пораки од вебинарот се однесуваа на приоритетот над едноставните барања за возраста и да се обезбеди точните информации околу вакцините да стасаат до сите лица.**

Европа и понатаму продолжува да искусува значителни предизвици поради ширењето на пандемијата со КОВИД-19. Сепак, создавањето на повеќе вакцини носи надеж за милиони лица, особено оние кои се најзасегнати од пандемијата. Тоа вклучува милиони лица со попреченост, како и милиони професионалци кои обезбедуваат грижа и поддршка.

Јавните власти во моментов ги планираат и организираат начините на кои ќе се реализира вакцинацијата за КОВИД-19 низ целиот континент. Европскиот центар за превенција и контрола на болести (European Centre for Disease prevention and Control – ECDC) неодамна издаде технички извештај за насочување на земјите членки за развој на нивната вакцинација и стратегии за приоритети (на 22.12.2020 година). Европската комисија неодамна (19.01.2021 година) постави јасни цели, особено за вакцинирање на минимум 80% од персоналот во здравството и во социјалните сервисни служби до март.

Обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост, исто така, имаа активна улога во процесот на вакцинација, во однос на комуникација, приоритети и употреба, и кон нивниот персонал и кон корисниците на сервисните служби.

Со цел да се разговара за оваа улога, предизвиците и методите што се користат, ЕАСПД организираше вебинар на тема: „Вакцинацијата за КОВИД-19: Која е улогата на сервисните служби за поддршка“ на 27ми јануари 2021 година, на кој учествуваа експерти од Европскиот центар за превенција и контрола на болести, Европска инклузија и национални обезбедувачи на сервисни служби од Австрија, Финска, Израел и Швајцарија. Вебинарот доведе до три главни заклучоци:

- Прво, приоритетите во вакцинацијата за КОВИД-19 треба да ги надминуваат показателите поврзани со возраста и да се земат предвид специфичните ризици за одредени целни групи; лица со интелектуална попреченост, на пример, се со значително поголем ризик отколку општата популација. Јасно е дека во многу земји, ситуацијата на многу лица со попреченост не се зема доволно во предвид при процесот на креирање приоритети.
- Второ, работниците во сервисните служби за грижа и поддршка на лица со попреченост се неопходни работници и треба да бидат на приоритетната листа, како што е препорачано од Европската комисија. Логиката на поставување приоритет само на работниците во резиденцијални институции не секогаш има смисла со оглед на сложената природа на полето на сервисни служби за лица со попреченост и потребите на оние кои ги користат ваквите сервисни служби.
- Трето, бидејќи распоредувањето за вакцинација од КОВИД-19 се потпира на информирана согласност за сите лица, сите чинители – но особено креаторите на политики – треба да обезбедат точните информации да стасуваат до целото население на начин што е пристапен за сите; вклучувајќи ги и лицата со интелектуална попреченост. Поради тоа, ЕАСПД и Европската инклузија развија лесно читлив документ во кој се објаснува процесот на вакцинација за КОВИД-19 на 15 јазици, а наскоро и повеќе. Ги повикуваме европските институции (и други) да ги промовираат овие лесно читливи документи во рамките на нивните канали за комуникација.

Лесно читливите информации за вакцинацијата за КОВИД-19 се достапни и на веб страна www.poraka.org.mk и Фејсбук страната на Републичкиот центар за поддршка на лица со попреченост - ПОРАКА.



## Активности на Европската комисија

# Европска стратегија за правата на лицата со попреченост 2021 – 2030

Европската комисија, на 3.3.2021 година, ја претстави амбициозната Стратегија за правата на лица со попреченост 2021 – 2030 со која се осигурува нивното целосно учество во општеството, на еднаква основа со другите во ЕУ и пошироко, во согласност со Договорот за функционирање на Европската Унија и Повелбата на Европската Унија за основни права, и која ги воспоставува еднаквоста и недискриминацијата како камен темелници на ЕУ политиките. Лицата со попреченост имаат право да земат учество во сите области од животот, како и сите останати. Иако изминативе децении донесоа напредок во пристапот до здравствена заштита, образование, вработување, рекреативни активности и учество во политичкиот живот, сепак остануваат многу пречки. Време е да се прошири европската акција.

Новата стратегија се гради на својот претходник, Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020, и придонесува за имплементација на Европскиот столб на социјални права за што ќе се усвојува Акционен план од страна на Комисијата во најскоро време, а ќе служи како компас за вработување и социјални политики во Европа, Стратегијата ја поддржува имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост од страна на ЕУ и нејзините земји членки, на национално и на ниво на ЕУ.

Заменик-претседателот за вредности и транспарентност Vera Jourová рече: „Заштитата на правата на лицата со попреченост треба да биде во центарот на нашите напори, вклучително и во нашиот одговор на корона вирусот. Лицата со попреченост се меѓу оние кои беа најмногу погодени од кризата со КОВИД-19. Мора да се стремиме да обезбедиме дека квалитетот на живеење на лицата со попреченост се подобрува и дека се гарантираат нивните права!“

Од самиот почеток, Европскиот проект се фокусираше на отстранување бариери, во согласност со својата визија за Унија во различност. Сепак, многу лица со попреченост и понатаму се соочуваат со препреки, на пример, кога бараат работа или кога користат јавен транспорт“, рече Комесарот за еднаквост, Helena Dalli. Таа додаде: „Лицата со попреченост треба да можат еднакво да учествуваат во сите области од животот. Самостојното живеење, учењето во инклузивна средина и работењето според соодветни стандарди се услови кои ние треба да ги обезбедиме за сите граѓани за да можат да напредуваат и да го живеат животот во целост.“

### Зајакнување на еднакво учество и недискриминација

Десетгодишната стратегија поставува клучни иницијативи околу три главни теми:

- **ЕУ права:** Лицата со попреченост го имаат истото право како и другите ЕУ граѓани да се движат во други земји или да учествуваат во политичкиот живот. Надоградувајќи се на искуството од пилот проектот кој се имплементира во осум земји, до крајот на 2023 година Европската Комисија ќе предложи Европска карта за попреченост за сите ЕУ земји што ќе го олесни взаемното признавање на статусот на попреченост помеѓу земјите членки, помагајќи им на лицата со попреченост да го уживаат нивното право на слободно движење. Комисијата тесно ќе работи со земјите членки за да обезбеди учеството на лицата со попреченост во изборниот процес во 2023 година.
- **Самостојно живеење и автономија:** Лицата со попреченост имаат право да живеат самостојно и да избираат каде и со кого сакаат да живеат. За да го поддржи самостојното живеење и вклученост во заедницата, Комисијата ќе развие насоки и ќе презентира иницијатива за подобрување на сервисните служби за лица со попреченост.
- **Недискриминација и еднакви можности:** Стратегијата е насочена да ги заштитува лицата со попреченост од каков и да било облик на дискриминација и насилство. Исто така, насочена е да обезбеди еднакви можности во и пристап до правда, образование, култура, спорт и туризам. Еднаквиот пристап мора да биде гарантиран за сите здравствени услуги и вработување.

Невозможно е да се учествува во општеството на еднаква основа со другите кога вашата средина – физичка или виртуелна – не е пристапна. Благодарение на правната рамка на ЕУ (на пример, Европски акт за пристапност, Директива за пристапност до веб, права на патници) пристапноста е подобрена, но сепак, многу области сè уште не се опфатени со правила на ЕУ, и постојат разлики во пристапноста на згради, јавни простори, и некои видови на транспорт. Поради тоа, Европската Комисија ќе презентира Европски ресурсен центар „Пристапна ЕУ“ во 2022 година, за да изгради база на знаења за информации и добри практики за пристапност помеѓу секторите.

### Остварување на стратегијата: тесна соработка со земјите на ЕУ и вклучување во редовните текови на внатрешните и надворешните политики

За да се остварат на амбициите на стратегијата ќе треба силна заложба од сите земји членки. Земјите на ЕУ се клучните актери во имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. Комисијата ќе формира Платформа за попреченост, каде ќе се вклучат националните власти одговорни за имплементација на Конвенцијата, организации на лица со попреченост и Комисијата за да се поддржи имплементацијата на стратегијата и да се унапреди соработката и размената во имплементирањето на Конвенцијата. Платформата ќе има сеопфатно онлајн присуство и да осигура континуитет на активностите во текот на годината. Лицата со попреченост ќе бидат дел од дијалогот и дел од процесот на имплементирање на стратегијата за правата на лица со попреченост 2021 – 2030. Комисијата ќе ги интегрира прашањата од областа на попреченоста во сите политики и главни иницијативи на ЕУ. Бидејќи правата на лицата со попреченост не завршуваат на границите на Европа, Комисијата ќе ги унапредува правата на лицата со попреченост на глобално ниво. Со оваа стратегија, ЕУ ќе ја зајакне својата улога како застапник за правата на

## Активности на Европската комисија

лицата со попреченост. ЕУ ќе ги користи инструментите како техничка асистенција и финансиски програми, поддршка преку делегацијата на ЕУ, политички дијалози и работа во мултилатерални форуми за да ги поддржи земјите партнери во нивните напори за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и да обезбеди насоки за имплементација на целите за одржлив развој на инклузивен начин.

**Позадина**

Како што беше најавено од Претседателот von der Leyen, Стратегијата за правата на лица со попреченост 2021 – 2030 придонесува за градење на Унија на еднаквост, заедно со ЛГБТ+ Стратегија за еднаквост 2020 2025, Акциониот план за антирасизам на ЕУ 2020 – 2025, Стратегијата за родова еднаквост 2020 – 2025 и Стратешката рамка на ЕУ за Ромите.

Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лица со попреченост, усвоена од ОН во 2006 година, беше напредок во правата на лицата со попреченост: сите земји членки станаа потписнички, и таа првата конвенција за човекови права потпишана и од ЕУ. Од земјите потписнички на Конвенцијата се бара да ги унапредуваат, заштитуваат и исполнуваат човековите права на сите лица со попреченост и да ја обезбедат нивната еднаквост пред законот. Со оваа стратегија, Комисијата овозможува рамка за да ги поддржи акциите на ЕУ и земјите членки за имплементација на Конвенцијата.

Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020 го трасираше патот до Европа без бариери, на пример, со директивите како што е Европски акт за пристапност, со кој се бара клучните производи и сервисни служби, како што се телефони, компјутери, е-книги, банкарски услуги и електронски комуникации, да бидат пристапни и да можат да се користат од лицата со различни видови на попреченост. ЕУ правата на патници осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап до патен, воздушен, железнички и воден сообраќај. Преку политики за меѓународна соработка, ЕУ делуваше глобално во унапредување на инклузијата и целосното учество на лицата со попреченост.

**Активности на ЕАСПД во однос на новата Европска стратегија за правата на лица со попреченост**

На 3-ти март 2021 година, Европската комисија ја презентираше новата стратегија за правата на лица со попреченост 2021 – 2030. Стратегијата дава јасна насока за обезбедувањето сервисни служби за лица со попреченост и предлага постигливи и амбициозни иницијативи што ЕУ може да ги преземе за да помогне во имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. За Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД), нејзината ефективна имплементација ќе бара партнерство со обезбедувачите на сервисни служби за да се надгради на нивните ветувачки практики, иновативни идеи и локалното знаење.

Имајќи на ум дека Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост ја ратификуваше пред повеќе од една деценија, Европската Комисија ја презентираше својата нова Стратегија за правата на лица со попреченост 2021 – 2030. Надградувајќи се на напредокот постигнат во изминатата деценија, новата стратегија вклучува широка серија мерки кои ја поддржуваат практичната заложба на Комисијата кон Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, во рамки на своите компетенции, како и поддршка и надградување на работата постигната на национално и на регионално ниво. Новата стратегија опфаќа значаен дел и покажува јасна насока за развој на обезбедување сервисни служби за лица со попреченост: во областа на вработување кон пристојни работни места на редовниот пазар на труд и во социјалните претпријатија, во областа на образование кон инклузивни форми на доживотно учење, во областа на социјалните сервисни служби кон сервисни служби во местото на живеење и поддржано донесување одлуки, како и во здравството, дигитализацијата, раната интервенција, стареењето, уметноста, културата и спортот. Исто така, истакнува многу конкретни бариери за овие случувања, нагласувајќи ги на пример, недостигот од персонал, деловна способност и обука на професионалци. Можеби најважно, Европската Комисија се обврзува на серија амбициозни, а сепак, постигливи иницијативи за да се олесни имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост; вклучително во областа на обезбедувањето на сервисни служби. Тоа вклучува:

- Градење на **европска рамка за социјални сервисни служби на извонредност за лица со попреченост**, да се подобри пружањето сервисни служби и да се зголеми атрактивноста на работните места во оваа област (до 2024);
- Да се издадат **насоки што ќе препорачуваат подобрувања за земјите членки во самостојното живеење и вклучување во заедницата** (до 2023);
- **Пакет за подобрување на резултатите од пазарот на труд за лицата со попреченост** (до 2022), акционен план за социјална економија, како и помош на земјите членки да поставаат цели за стапката на вработување и зајакнување на капацитетите на сервисните служби за вработување за лицата со попреченост;
- Надградување врз резултатот од **Проектот за секторска соработка за вештини**; вклучително и преку B-WISE проектот што е координиран од ЕАСПД и ЕНСИЕ, а ќе создаде европската стратегија за вештини во социјални претпријатија за работна интеграција (European Strategy for Skills in Work Integration Social Enterprises);
- Создавање синергии со **претстојната европска гаранција за детето** и алатки за инклузија во Образование и грижа во раното детство, со посебно поглавје на деца со попреченост (до 2021);
- Поддршка на земјите членки за понатамошно опфаќање на компетенциите на сите професионалци од образованието за справување со различноста во училниците и **развој на инклузивно образование**;
- Понатамошно **насочување на ЕУ буџетот и Фондот за заздравување** кон имплементација на стратегијата, особено во областа на деинституционализација;
- И многу други активности поврзани со **здравствена заштита, дигитализација, поддржано донесување одлуки, деловна способност, право на гласање, пристап до култура и спорт, стари лица со попреченост, мобилност внатре во ЕУ, соработка, хуманитарна акција**, и понатаму...

*продолжува* →

## Европска стратегија за правата на лицата со попреченост 2021 - 2030

Презентирајќи ја новата Европска стратегија за правата на лица со попреченост 2021 – 2030 пред членовите на ЕАСПД, Katarina Ivankovic-Knezevic, Директор за социјални работи во Европската Комисија, рече дека стратегијата е резултат на широка консултација и го поздрави ЕАСПД како добар партнер за вклучување на нови теми на агендата. Таа истакна дека стратегијата е амбициозна, но не премногу, и поставува јасна агенда за годините што доаѓаат, вклучувајќи јасен мониторинг, индикатори и собирање податоци, а Комисијата сака да биде пример и да работи со земјите членки на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во Европа.

Како одговор на објавувањето на новата европска стратегија за попреченост, Luk Zelderloo, Генерален секретар на ЕАСПД, изјави дека „ние сме подготвени, подготвени напорно да работиме за да осигуриме дека новата стратегија има вистинско влијание на терен, во работата на обезбедувачите на сервисни служби, во животите на лицата со попреченост. Чекор по чекор, оваа стратегија ќе донесе промени. За тоа да се стори, треба да се фокусираме на иновации во обезбедувањето сервисни служби, собирање на вистински податоци и работење во партнерство, во ко-продукција, со сите чинители“.

Во следните неколку недели, ЕАСПД подетално ќе ја анализира европската стратегија за попреченост и ќе започне процес на развивање практични решенија за поддршка на имплементацијата на оваа нова и возбудлива европска стратегија за правата на лица со попреченост 2021 – 2030. ЕАСПД исто така, ќе работи со Советот на Европската Унија за да осигура дека заклучоците на Советот соодветно ги одразуваат одговорностите на земјите членки во имплементирање на стратегијата. Ваквата работа ќе се спроведе во рамки на поширока визија на акциониот план на Европскиот столб на социјални права, презентиран денес.

## Лесно читлива верзија на Европската стратегија за правата на лица со попреченост



### Европска стратегија за правата на лица со попреченост

Лесно читлива верзија



Европската Унија е група од 27 земји во Европа.
Овие земји се заедно за да ги подобрат работите за луѓето,
и да ги направат полесни и побезбедни.

Европската Комисија е тело во Европската Унија
кое ги води нејзините секојдневни работи.
Презема активности и предлага закони за Европската Унија.



Европската Комисија презема активности
за да ги заштити правата на лицата со попреченост.
Во февруари 2021 година, Европската Комисија
направи нова европска стратегија
за правата на лица со попреченост за 2021 – 2030 година.
Накратко, ја викаме „Европска стратегија за попреченост“.

Европската стратегија за попреченост е план
кој кажува како ќе работи Европската Унија
за да ги заштити правата на лицата со попреченост
во следните 10 години.

Со овој план, Европската Комисија сака да обезбеди
дека сите лица со попреченост можат да ги уживаат своите права
и да ги имаат истите можности во животот како и сите други.
За тоа да се случи, во следните 10 години
Европската Комисија ќе работи за да обезбеди
дека сите лица со попреченост можат:

## Лесно читлива верзија на Европската стратегија за правата на лица со попреченост

- Да се движат и слободно да живеат во секоја земја од Европската Унија.



- Да ја добиваат вистинската поддршка за да имаат добар живот.



- Да живеат самостојно.
  Тие не треба да живеат во институции далеку од своите семејства и пријатели.



- Да бидат дел од заедницата заедно со другите луѓе.



- Да носат свои одлуки за нивниот живот.
  На пример, тие имаат право да одлучат каде, како и со кого сакаат да живеат.



- Да ги имаат истите можности да учат и да работат како и сите други лица.



- Да имаат пристап до здравствена заштита и други важни работи и сервисни служби.




- Дека кон нив се однесуваат на праведен начин и со почит.
  Не треба да се заборааат или кон нив лошо да се однесуваат бидејќи имаат попреченост.



Европската Комисија ќе работи заедно со сите земји во Европската Унија за да направи овој план да успее и да ги заштитува правата на лицата со попреченост.

## Активности на ЕАСПД и нејзините членки

# Сервисните служби за поддршка во новата Европска стратегија за попреченост

**На 24-ти февруари 2021 година, Европската асоцијација на обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) организираше онлајн вебинар за да обрне внимание на финансиската ситуација во која се наоѓаат обезбедувачите на социјални сервисни служби низ цела Европа. За време на вебинарот се презентираше нова студија за краткорочното влијание на КОВИД-19 врз социјалните сервисни служби која го потенцира недостигот на финансиската отпорност на многу обезбедувачи на социјални сервисни служби, како и губитокот на илјадници работни места во секторот за социјална грижа и поддршка како резултат на кризата.**

Од вебинарот произлезе јасна порака: Европската унија мора да ја опфати финансиската отпорност на социјалните сервисни служби во нивната претстојна агенда за социјална политика; во следната Стратегија за попреченост на ЕУ и Акцискиот план на Европскиот столб на социјални права, кој се очекува во март 2021 година.

Сервисните служби за поддршка на лица со попреченост се клучни за нивната добросостојба и уживање на нивните права низ Европа. Пандемијата со КОВИД-19 ја потенцираше структурната слабост на екосистемот на социјалните сервисни служби; во голема мера поради слабото финансирање и недостигот на персонал. Ова е главниот исход од истражувањето промовирано од ЕАСПД за краткорочното влијание на КОВИД – 19 врз сервисните служби за поддршка.

Презентирајќи го истражувањето за краткорочното влијание на КОВИД-19 врз секторот на социјални сервисни служби, авторот – Professor Sigrid Rang, рече „на секторот на социјални сервисни служби за поддршка му треба поддршка за да заздрави, особено бидејќи ова заздравување ќе ја постави основата за тоа како ќе се грижиме за најранливите во нашето општество во следните години. Тоа повлекува финансирање, но заедно со него: општествен дијалог за основните принципи на обезбедување сервисни служби“.



Одговарајќи на ова истражување, обезбедувачите на сервисни служби од Европа говореа за финансиската ситуација на нивните активности истакнувајќи дека многу од нив сè уште заздравуваат од финансиската криза од 2008 година и мерките за штедење како резултат на таа криза. Дури една деценија подоцна, многу сервисни служби за лица со попреченост сè уште се во фаза на преживување, особено во земјите кои се најмногу зафатени од мерките за штедење или каде финансирањето на социјалните потреби е значително скратено. Недостигот од персонал генерално се зголемува. Социјалната иновација се смета како дополнување, наместо како клучен дел од стратегиите за политики. Тоа јасно влијаеше на отпорноста на сервисните служби за грижа и поддршка кои тие ги овозможуваат и нивната способност да опстојат во однос на понатамошните шокови.

Говорниците исто така истакнаа дека сè уште не добиле каква и да било финансиска поддршка за нивниот сектор од значителните ЕУ фондови кои беа пуштени во изминатата година, и истакнуваа дека треба уште да се делува за да се поттикнат земјите членки да ги користат овие европски фондови за градење на отпорноста на секторот за социјални сервисни служби. Неколку од говорниците се осврнаа на потребата за еднакви услови, бидејќи многу непрофитни обезбедувачи на сервисни служби не можат да имаат корист од националните мерки за поддршка, а кои ги користат бизнис-секторот; со што се чувствуваат дискриминирани.

За Luk Zelderloo, Генерален секретар на ЕАСПД, „Ова е главната причина зошто пандемијата со КОВИД-19 толку силно ги погоди нашите активности. Социјалните сервисни служби се неопходни за милиони лица, а сепак, честопати ни недостасува отпорност и ни недостасува вистински екосистем што може да ни овозможи – а и на лицата што ги поддржуваме – да напредуваме. Потребни се повеќе и подобри социјални инвестиции, а не помалку и полоши“.

Thomas Bignal, Менаџер за политики во ЕАСПД, додаде дека „Европската Комисија -на хартија- има многу амбициозен социјален план за заздравување. Но, одговорот на ЕУ треба да ја гради отпорноста на секторот за социјални сервисни служби во практика, а тоа значи посветени активности за поддршка на земјите членки во повторно градење на еко-системот на секторот. Финансиската состојба на социјалните сервисни служби не може да се игнорира во следните месеци, и тоа започнува со новата европска стратегија за попреченост што се очекува следната недела. Таа треба да содржи повеќе од само зборови, треба да вклучува насочени активности за поддршка на сервисните служби за лица со попреченост“.

## Активности на ЕАСПД и нејзините членки

# Инклузивно образование: ЕАСПД повикува на пофлексибилни и конкретни акции во училиштата

**Пандемијата со КОВИД-19 во голема мера влијае врз пристапот до инклузивно образование за деца со попреченост, па поради тоа, се зголемуваат веќе постоечките нееднаквости. На 10-ти март 2021 година, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби (ЕАСПД) организираше вебинар за да се прегледа состојбата со образованието на децата со попреченост една година од пандемијата. Крајната порака беше јасна: КОВИД-19 дополнително ја демонстрираше потребата од мерки во инклузивното образование за деца со попреченост за да се намалат постојните и растечките нееднаквости во пристапот во текот на минатата година.**



Во изминатата година, пандемијата со КОВИД-19 креираше нова реалност за европските општества, во сите нивни аспекти, вклучително и образованието. Пред една година, многу власти ги затворија училиштата, и учениците мораа да го продолжат нивното образование од дома. Промената во образованието од физичка присутност во онлајн преку дигиталните платформи и алатки за учење станаа новата реалност за учениците и наставниците. На вебинарот присуствуваа обезбедувачи на образовни сервисни служби, родителски организации и други чинители за да ја презентираат и да дискутираат за актуелната состојба во пристапот до образование, предизвиците за децата со попреченост и нивните семејства и улогата на сервисните служби за поддршка во овој непостојан контекст.

Доколку пандемијата влијаела врз образованието на сите ученици, таа имаше штетни последици врз пристапот на учениците со попреченост до образованието и до редовното образование. Дополнително, квалитетот на образование, и расположливоста и квалитетот на поддршка за децата со попреченост и семејствата беа ослабени.

Во Белгија, на пример, многу ученици со поголеми потреби од поддршка беа префрлени од редовно во посебно образование. Исто така, поради безбедносни мерки, персоналот мораше да го ограничи бројот на училишта каде се обезбедува поддршка. Во Финска, учениците не можеа да добијат посебна поддршка, поради намалување на квантитетот и квалитетот на наставата. Повторното отворање на наставата не значеше крај на потешкотиите бидејќи санитарните мерки можат да претставуваат бариери за децата со попреченост. Оваа ситуација имаше лошо влијание врз семејствата, при што семејствата требаше да им даваат потполна поддршка на своите деца, и во училишните активности, вклучително и во користењето на дигитална опрема, понекогаш во отсуство на сервисни служби за одмена на семејна грижа .

Наставата на далечина или дигитална настава потенцираше дека поддршката на малите деца со попреченост мора да помине низ поддршка и зајакнување на нивните семејства. Обезбедувачите на сервисни служби се клучни партнери во поддршка на семејствата и олеснувањето на пристапот до образование. Клучно е властите да делуваат во насока во која обезбедувачите на сервисни служби можат да ја олеснат инклузијата преку обезбедување средства, опрема и олеснувањето на пристапот до дигитални ресурси, како и нивниот капацитет да се прилагодат на овие нови предизвици.

Постојните нееднаквости се зголемија, особено за учениците со попреченост, со разлики во пристапот и квалитетот на образованието во зависност од географската област, училиштата, наставниците и семејствата. Во овој контекст, повеќе од кога и да е, ЕУ и националните политики мора да дадат приоритет на пристапот до инклузивно образование и да инвестираат во пристапноста на редовните училишта, платформи и алатки за дигитално образование, обука на наставници и во расположливоста на квалитетот и поддршката ориентирана кон лицето. Новата Стратегија за правата на лица со попреченост 2021 – 2030 е важна почетна точка и повикува на зголемена и подобрена соработка за национални реформи за инклузивно образование, и синергии помеѓу политиката и областите за финансирање.

Инклузијата мора да започне од раните фази на животот, и тоа со квалитетно инклузивно образование и грижа во раното детство (ОГРД). Новиот акционен план на Европскиот столб на социјални права предлага ревизија на целите од Барселона за 2030 година вклучувајќи и зголемување во обезбедувањето на ОГРД. Ова треба да оди заедно со претстојниот пакет алатки за инклузивно образование и грижа во раното детство и сет од распределени индикатори за мониторинг на инклузијата на децата со попреченост.

Уште треба да се работи на Европско ниво, со претстојната Гаранција за детето кој мора да ги поттикне напорите и одговорот на специфичните потреби на децата со попреченост преку промовирање на пристап до квалитетно ОГРД, обука на персоналот за инклузија на деца со попреченост, употребата на технологија, и соодветно финансирање на сервисните служби.

*„Образованието е првиот елемент кој ја прави инклузијата реална за децата и возрасните лица со попреченост, и тоа мора да се случува во редовни опкружувања, поврзано со квалитетна поддршка на децата и нивните семејства. Ќе се стремиме да обезбедиме оваа криза да генерира силен одговор на исклучувањето на лицата со попреченост од образование“* заклучи Irene Bertana, од ЕАСПД.

## Активности на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ)

# Десетгодишнина од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во ЕУ и 10 причини зошто сè уште ни е потребна Конвенцијата

***По навршувањето на десет години од стапувањето на сила на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во ЕУ истражуваме каков напредок е постигнат и што останува да се направ****и*.

Пред десет години Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост (КПЛП) стапи на сила на ниво на Европската унија. ЕУ е единствената регионална организација за интеграција која ја ратификувала КПЛП. Тоа претставува пионерски чекор и покажува глобално водство. Тоа доведе до големи промени во тоа како правата на лица со попреченост се реализираат на меѓународно, ЕУ и на национално ниво.

10 години се важна пресвртница. Но, како што можат да посведочат 100 милиони лица со попреченост, само потпишувањето на Конвенцијата не е доволно. Додека лицата со попреченост не ги имаат истите права како и другите, истата стапка на вработување, образовно достигнување, социјална инклузија, право на патување, на работа и учење во рамките на ЕУ како и другите, на самостојно живеење и да бидат вклучени во заедницата, КПЛП сè уште е документ на кој интензивно треба да се работи.

Следната Стратегија на ЕУ за правата на лицата со попреченост претставува можност да се изградат основите за целосна имплементација на КПЛП на ниво на ЕУ.

„Влијанието на КОВИД-19 врз лицата со попреченост смени сè. Дискриминацијата, исклученоста и осиромашувањето на лицата со попреченост во Европа се ставени во многу детален фокус. Сите лица со попреченост кои ги загубија своите животи, членовите на нивните семејства, нивните средства за живот, контактот со пријатели, семејството и мрежата за поддршка, бараат од нас, од институциите на ЕУ, целосно да ја трансформираме нашата работа за да ги вклучиме лицата со попреченост.

Нема да постојат повеќе изговори. КПЛП е на сила веќе 10 години – време е да осигуриме дека законите се усвоени, законите се применуваат, лицата се зајакнуваат, а се обезбедени и финансии.

Следната стратегија за правата на лицата со попреченост треба да ја постави основата на место за вистинска еднаквост за лицата со попреченост во Европа“ вели претседателот на ЕДФ, Yannis Vardakastanis.

**Важните постигнувања треба да се надоградуваат за овие права да станат реалност.**

Во продолжение се 10 причини зошто сè уште ни е потребна КПЛП:

1. **Ништо за нас без нас:** КПЛП ги обврзува владите да ги вклучуваат лицата со попреченост преку нивните организации во сите прашања што ги засегаат. Колку и да е структуриран и предвидлив, дијалогот недостасува и повеќето организации на лица со попреченост немаат соодветни ресурси за да ја играат нивната улога. Членот 4.3 од КПЛП и Општиот Коментар број 7 се клучни во барањето консултации и вклучување на организациите на лица со попреченост.
2. **Пристапност**: пристапноста сè повеќе станува суштински аспект во информациските и комуникациските технологии благодарение на иницијативите на ЕУ како што се Европскиот акт за пристапност или Директивата за пристапност до веб. Лицата со попреченост полесно можат да најдат пристапни направи, како компјутери или паметни телефони, но сè уште се соочуваат со бариери за пристапност во изградената средина, транспортот или секојдневните производи како на пример, апарати за домаќинство. Лицата со попреченост, сè уште се изложени на поголем ризик од штета за време на вонредни и итни ситуации бидејќи итните информации од јавен карактер и комуникацијата со означени и за тоа наменети контакт броеви сè уште честопати е непристапна. Членот 9 и членот 21 од КПЛП, и Општиот коментар број 2 бараат од ЕУ да ги засили напорите во оваа област.
3. **Еднаков третман**: лицата со попреченост се заштитени од дискриминација во областа на вработување и стручна обука преку ЕУ законодавството за анти-дискриминација. До денес, ЕУ не забранува дискриминација заснована на попреченост во пристапот до образование, здравство и пристап до добра и сервисни служби. Потребно е ЕУ да забрани дискриминација заснована на попреченост во сите области од животот. Членот 5 од КПЛП и Општиот коментар број 6 ги поставуваат основните обврски за обезбедување еднаквост и недискриминација на сите лица со попреченост.
4. **Права на жените**: жените и девојчињата со попреченост продолжуваат да се соочуваат со повисок ризик од насилство отколку другите жени, поголема дискриминација отколку мажите со попреченост во пристапот до вработување, образование и здравство, и се изложени на злоупотреби на човековите права како на пример, присилна стерилизација. Членот 6 од КПЛП и Општиот коментар број 3 бараат од ЕУ да стори нешто повеќе.
5. **Самостојно живеење**: се проценува дека околу 1,5 милиони луѓе во ЕУ сè уште живеат во институции. И покрај фактот дека Регулативите на ЕУ забрануваат инвестиции во институционалната грижа, нема правила што ќе спречат инвестирање во реновирање на постојните институции за да се подобри нивната енергетска ефикасност, или кон изградба на нови објекти за грижа кои остануваат институционални по природа. КОВИД-19 безмилосно нè потсети за опасностите со кои се соочуваат лицата со попреченост во институциите, и треба да делува како катализатор за акција. Членот 19 од КПЛП и Општиот коментар број 5 детално опишуваат што треба да направат државите за самостојното живеење да стане реалност.
6. **Здравствената грижа** примарно е одговорност на националните влади, а ЕУ има придружна улога. Сепак, во преземените акции, вклучително и за време на пандемијата со КОВИД-19, многу малку или воопшто не се размислувало за лицата со попреченост. Членот 11 и членот 25 од КПЛП бара ЕУ да осигури одговор на итните

## Активности на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ)

и вонредни состојби во кој ќе е вклучена и попреченоста, како и пристап до здравствена грижа за сите лица со попреченост.

7. **Слобода на движење и Европска програма за размена:**

- Постигнавме голем напредок со законот за правата на патниците во ЕУ. Сепак, овој закон не осигурува спонтано и самостојно патување, не го опфаќа урбаниот транспорт или автобусите на кратки релации, и сè уште дозволува, во некои ситуации, да може да се одбие качување на лица со попреченост. Направена е ЕУ картата за попреченост, но признаена е само во 9 земји членки. Не дозволува на лицата со попреченост да може да им се препознае нивната попреченост во различни земји членки. Членот 20 од КПЛП бара лична мобилност со најголема можна самостојност за лицата со попреченост.
- Младите лица со попреченост се малку застапени во младинските програми на ЕУ како што се програмите за мобилност, на пример Еразмус+, каде помалку од 2,5% се учесници со попреченост. Недоволната финансиска поддршка, непреносливоста на сервисните служби непристапноста и недостигот на информации за достапни мерки за лица со попреченост претставуваат бариери за младите лица со попреченост. ЕУ треба да осигура пристапност до информации, доволно финансиска поддршка за да се дозволи учесници со попреченост да учествуваат на еднаква основа со другите млади лица во овие ЕУ програми. Тоа е основно според членот 20 и членот 24 од КПЛП.

8. Имплементирање на КПЛП: Правата од областа на попреченост се сега вклучени во многу нови политики, и повеќе внимание се дава на КПЛП од страна на институциите на ЕУ. Во 2019 година, за прв пат видовме, назначување на Комесар за еднаквост. Сепак, многу е важно ЕУ да воспостави оддел за КПЛП и сеопфатен план за координација на имплементацијата на КПЛП. Овој механизам се бара согласно членот 33 од КПЛП.
9. **Надвор од ЕУ**: заложбите на ЕУ во рамки на Унијата не секогаш се исти како и надвор од Унијата. ЕУ мора да обезбеди кохерентност помеѓу внатрешните политики за лицата со попреченост и она што го прави во надворешните активности низ светот. На пример, не треба да се користат пари на ЕУ за да се гради непристапна инфраструктура или да се финансираат институции во земји кои не се членки на ЕУ. ЕУ мора да стане партнер со организации на лица со попреченост во земји во кои развива проекти и осигурува дека сите програми и проекти на ЕУ се пристапни и инклузивни. Ова е клучен аспект од членот 32 од КПЛП за меѓународна соработка.
10. **Одговорност и известување**: ЕУ и нејзините земји членки се обврзале за имплементација на КПЛП. Тоа е историско постигнување. Сепак, ЕУ и 6 земји членки сè уште не го ратификувале Опцијалниот протокол, што значи дела лицата со попреченост не можат да поднесуваат жалби до меѓународниот комитет на експерти. Како дополнување, некои земји не поднесуваат извештаи навремено до Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост, па на тој начин го избегнуваат прегледот на нивната работа. Членот 35 од КПЛП бара брзи и навремени извештаи од сите земји кои ја ратификувале Конвенцијата.

## Активности на Обединетите нации

# Експертите на ОН апелираат до Европскиот суд за човекови права да ја преиспита забраната за гласање за лицата со когнитивни/интелектуални попречености

Специјалниот известувач на ОН за правата на лицата со попреченост се придружи на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост во карактеризирањето на неодамнешната одлука на Европскиот суд за човекови права со која се дозволува забрана за гласање на лица „на кои им недостасува потребното ниво на ментални вештини“ како разочарувачки неуспех.

Тие се надеваат дека одлуката е времена и дека Големиот совет на судот ќе има можност да го преиспита случајот. Доколку е така, тие се надеваат дека Големиот совет ќе може повторно да ги постави прашањата околу личноста, новите сфаќања во донесувањето одлуки, промената во парадигмата во Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и на правото на гласање за легитимноста на демократскиот процес.

„Сега изгледа дека има значајна нееднаквост со која многу страни од Советот на Европа се занимаваат со инклузијата и правата на лицата со попреченост“, рече Gerard Quinn, Специјалниот известувач за правата на лицата со попреченост, и Комитетот за правата на лица со попреченост. „Во исто време со пресудата на Судот, Европскиот комитет на Советот за социјални права донесе голема одлука со која значително се унапредува суштината за инклузивно образование за деца со попреченост низ цела Европа.

Експертите на ОН изјавија дека Судот премногу лесно ги прифатил ограничувањата на владата дека само лицата со потребните „ментални вештини“ можат да гласаат. „Едноставно кажано, ова не е во согласност со современите научни сфаќања за човековите одлуки, вклучително и за време на избори,“ рекоа тие.

Цитирајќи го пионерскиот извештај на Светска банка од 2015 година, „Ум, општество и однесување“, експертите река дека повеќето донесени одлуки, вклучително и за гласање, не зависат од рационалната способност. Тие рекоа дека тестовите за балансирање не се соодветни кога станува збор за правото на гласање и дека ограничувањето на правото на глас на оние со потребните ментални вештини веќе не е „легитимна цел“. Исто така, рекоа дека лишувањето од правото на глас на „посебно и ограничено малцинство“ непотребно поставува прашалник врз легитимноста на демократскиот процес. Тие укажаа на компензациски правни студии на Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост, кој заслужува поцелосен третман пред Големиот Совет.

ПОРАКА

# Наша Страница

## Кампања ИСТО ИСТИ

Во рамките на проектот „Партнерство, застапување и комуникација за ефикасна инклузија на лицата со попреченост“, Македонскиот институт за медиуми во партнерство со Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, а со поддршка од Цивика Мобилитас, во изминатиот период спроведува кампања под мотото „Исто исти“. Целта на кампањата е да придонесе за подигнување на јавната свест за можностите и правата на лицата со попреченост.




Кратките видео приказни кои се продуцирани во рамки на кампањата се насочени кон разбивање на погрешните перцепции и стереотипи за лицата со попреченост дека тие не можат да работат, да спортуваат, да возат автомобил, да водат бизнис итн.

Приказните на „Исто исти“ пренесуваат сегменти од реалниот живот на лицата со попреченост кој е исполнет со обврски и активности, исто како и кај секое друго лице кое не се соочува со одредена попреченост.

РЦПЛИП – ПОРАКА, како член на НСИОМ, се вклучи во кампањата „Исто исти“, со тоа што една од петте кратки видео приказни е насочена против предрасудите кон лицата со интелектуална попреченост и ја пренесува позитивната приказна за вработување на член на РЦПЛИП – ПОРАКА во Рамстор мол. Клучна порака на видеото е дека сите се соочуваме со исти пречки во секојдневието, се стремиме кон исти цели, сакаме исти работи, се соочуваме со слични проблеми и предизвици, и сите заслужуваме еднакви можности.

Кратките видео приказни се достапни на веб страните и страните на социјалните мрежи на МИМ, НСИОМ и РЦПЛИП – ПОРАКА.

ISSN 0350-5863